UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ........................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнаta поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ..........................................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ......................................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ..........................................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*..........................................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ..........................................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ...................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*..........................................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*..........................................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи*..........................................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*..........................................................................................137

**ДОНЕВА Наташа**

**УДК: 341.3:341.24**
**341.33/.34:341.24**

# МЕЃУНАРОДНО ВОЕНО /ХУМАНИТАРНО ПРАВО

**Апстракт:** Меѓународното хуманитарно и воено право иако навидум област која веќе е солидно елаборирана, сепак постојат одредени „празнини“ кој истата ја прават секогаш актуелна, поточно тема која бара константно ажурирање кон новите предизвици, сѐ со цел да се спречи нивно ескалирање.

Целта на овој труд е токму тоа, да се навлезе во с`ржта на ова меѓународно право. Но за да се направи целосно тоа, мора да се започне од почетокот, прво да се даде краток ретроактивен приказ на зачетокот на меѓународното хуманитарно / воено право. Од каде идејата за создавањето, но уште поважно каков е процесот на зацврстување и етаблирање на меѓународното воено/хуманитарно право? Колку е успешна имплементацијата на истото, дали и ден денеска е само формално напишано утопистичко парче хартија? Кои се меѓународните документи кои се „задолжителна литература“ во оваа област? Колку познатите конвенции се респектибилни? Ова се само дел од прашањата кои денеска се исправени пред многубројни кризи кој сѐ уште чекаат одговори. Одговори кои ние ќе се обидеме да ги анализираме.

**Клучни зборови**: *војна, конвенции, меѓународно право, меѓународен обичај, правда*

**DONEVA Nathasa**

**UDK: 341.3:341.24**
**341.33/.34:341.24**

# INTERNATIONAL HUMANITARIAN AND MILITARY LAW

**Abstract:** International humanitarian and military law, although a seemingly area that has already been well elaborated, there are certain "gaps" that make it always actual, more precisely a topic that requires a constant update to the new challenges, in order to prevent their escalation. The aim of this paper is precisely that to get into the core of this international law. But in order to do so, we must begin from the beginning, first to give a retroactive brief of the conception of international humanitarian / military law. What is the idea of creation, but more importantly, what is the process of strengthening and establishing international military / humanitarian law? How successful is the implementation of the same, is it just a formally written utopian piece of paper? What are the international documents that are "compulsory literature" in this area? Are the well known conventions respectable? These are just a part of the issues that are being addressed today in the face of many crises that are still waiting for answers. Answers that we will try to analyze.

**Keywords:** *war, conventions, international law, international custom, justice*

## ВОВЕД

Светскиот мир и безбедност е идеал кој има тенденција во себе да ја инкорпорира секоја држава. Стабилниот поредок, внатрешната состојба која ги тангира и правата и слободите на човекот се несомнено примати за гордеење на секоја држава која ќе се нарече демократска. Додавајќи ја етикетата на државата поборник за зачувување на мирот, некако додава дополнителни поени за истите на меѓународно ниво. Но сепак дали сѐ е идеално имплеметнирано во реалноста или пак само утопистички запишано на меѓународно парче хартија? Дали сите овие права се параван за политички цели и заговори?

Војната како ураган поминува и ги руши и најцврсто поставените темели на права, слобода, мир и правда. Ги покажува вистинските лица на држави злосторници, безмилосни нации, обични смртници кои ги даваат своите животи за цели на поединци кои скриени зад кулисата ги држат конците за цели совршени само за нив.

Братоубиствени војни кои разделувајќи ги луѓето, со тага и болка ги пишуваат крвавите историски записи. Мрачни слики, недокажани судбини, безживотни тела, разрушени столбови кои довека ќе се паметат се епилогот од секоја катастрофа=политика=економски бенефити=бескрупулозни побуди, завиткани во пакет наречен војна. Дел во деструктивната слика на војната заземаат и невините цивили и воените заробеници, за кои секогаш ќе стои прашањето како ќе се надомести непоправливата нанесена штета?

Затоа да почнеме од почетокот, осврнувајќи се на минатите долги и крвави војни. Да направиме компаративен осврт до денес, да согледаме дали нешто е променето, ако е, тогаш во чија корист и полза? Како се имплеметираат денешните сурови одлуки на државите, како да ги пронајдеме механизмите за заштита на човековото достоинство, како да го „оживееме“ хуманитарното право...?

Трудот е составен од два дела: делот за военото и делот за меѓународното право.

## 1. Воено право

Војна започната за формирање на своја територија, војна започната за окупирање на друга територија, војна за самоопределување, војна за независност, Балкански војни, Прва/Втора светска војна, братоубиствена војна... едноставно нема крај на бесконечната листа на воените записи. Војната како неделив составен дел на секој период од историјата, секој век, деценија, година, белег на секоја држава, болен спомен на секој народ... Рефлексија на безживотни тела, разрушени градови и села, држави срамнети до дно. И тогаш кога мислевме дека се извлечени поуките, доаѓа уште една војна во долгата и крвава низа. Во почетокот не постојат правила, параметри кои донекаде би го диктирале темпото на војната, но со тек на време се раѓаат начела кои се борат за драстично намалување на вооружените борби и целосна заштита на човекот. Военото право (jus ad bellum) е всушност дел од меѓународното право кое го регулира делот на минимум правила кои мора да се почитуваат во време на војна и кој се „обврзувачки“ за завојуваните страни. Вака изгледа првата листа на содржина најпрво адресирана на военото право. Но подоцна листата е проширена и со одредби кои се однесуваат на забрана од употеба на оружја кои предизвикуваат прекумерни страдања на луѓето, правила за воени затвореници и многу други „воени детали“ кои првичната, класична дефиниција за воено право не ги регулирала, а која со текот на времето пројавила

потреба да се детализира и нормира. Создавањето и модификацијата на военото право се одвива постепено. Но не може да се негира фактот дека звучи контрадикторно. Од една страна зборуваме за воено ПРАВО, а бараме примена во време на војна, каде што јавна тајна е дека во време на војна нема правила и граници. Правилата што ги диктира меѓународното воено право, своите корени ги влече од меѓународните обичајни правила-Martens Clause[1] и меѓународните договори и конвенции.

Во низата класични правила влегуваат и ограничената употреба на оружје како и заштита на цивилите. Пред појавата на военото право, се применувале обичаи и практики кои биле со полокален карактер и привремени. Честото прекршување на истите и нивно заобиколување (и премижување пред истите!) биле честа слика во воените трагедии. Поради тоа на светската сцена постепено се појавувале конвенции од денешен калибар кои се обиделе да го создадат меѓународното хуманитарно и воено право.

Овде секако треба да се споменат и меѓународните организациии како субјекти на меѓународната сцена и нивното влијание и инволвираност во војните. Една од основните функции на меѓународните организациии е и зачувување на мирот и безбедноста во светот, со што се воведува апсолутна забрана за војна како средство за решавање на меѓународните спорови. Меѓутоа се предвидуваат неколку исклучоци како: мерките на Советот на безбедност на ООН кои имаат за цел зачувување на мирот, индивидуална и колективна самоодбрана. Во последно време државите како да се повикуваат сѐ почесто на овие исклучоци за „оправдано" да може да применат воена сила?

Кога зборуваме за воено право и негова примена не може, а да не се спомене дистинкцијата меѓу внатрешни вооружени судири и војни кои инволвираат неколку држави. Затоа во продолжение ќе се обидеме да направиме паралела кога може да се повикаме на воено право, во какви немири, од кој калибар и карактер....

### 1.1 Внатрешни вооружени судири

Внатрешните судири како судири коишто се водат внатре во државата повлекуваат големи импликации во однос на суперматијата на власт, моќ, како и односите на хуманитарните организации. Внатрешниот судир го водат општествените групи (класни, национални, политички, социјални, етнички...). Можат да бидат вооружени бунтови, државни удари, граѓански војни... Најчести се граѓанските војни кои имаат за цел менување на политичкиот систем или режим, создавање посебна самостојна држава. Сепак не постојат цврсти критериуми за нивно разликување, затоа што бунтовите можат многу брзо да еволуираат и да ескалираат до војна. Како критериум за дистинкција на внатрешните судири се земаат интензитетот и траењето на вооружените акции, обемот на ангажираните сили и територијалниот зафат на борбите. Ниту една држава или меѓународна организација не може да се меша во внатрешните односи на една држава, без разлика дали внатрешните промени се одвиваат на еволутивен начин или со револуција. Меѓутоа меѓународна интервенција е дозволена

[1] Мартенсовата клаузула е клаузула во воведот на IV хашка конвенција од 1899 година. Името го добила од својот предлагач, рускиот правник Фредерик Ф. де Мартенс. Целта на клаузулата е да ги заштити учесниците во војната од сите недозволени средства кои не се опфатени, ниту регулирани во постоечките конвенции. Истата клаузула наоѓа примена и ден денес и е дел од меѓународното обичајно право.

тогаш кога внатрешните немири на една држава се заканувaат да го нарушат меѓународниот мир, како и за спречување масовни жртви.

### 1.2 Последици од започнатата војна

Третата хашка конвенција вели дека непријателствата не треба да започнат без претходно објавување на војна. Објавувањето треба да биде во форма на декларација во која се содржани и наведени причините поради кои се врши објавување на војна. Освен во форма на декларација објавувањето може да се изврши и со ултиматум, каде што се исполнуваат барања што треба да ги изврши другата страна. Во случај на неисполнување ќе започне војна. Но во таквите ултиматуми роковите се претежно премногу кратки од 3 до 24 часа. Ова е намерно со краток рок бидејќи на тој начин државата нема време да се организира за војна, се става во тесно, а ретко која држава би се нафатила безусловно да го исполни барањето на противната страна, и тоа во толку краток рок. Тогаш излегува дека ултиматумот се користи како параван дека е испочитуван формалниот предвиден начин за најавување и започнување на војна.

Со започнување на војна започнува и примена на воеността право. Доаѓа до прекин на дипломатските заемни односи и се врши повлекување на дипломатскиот и конзуларниот персонал. Повлекувањето се врши со помош на неутрална земја, затоа што со започнување на војната војувачките држави овластуваат една трета земја која ќе ги штити нивните интереси за време траењето на војна. Третата земја е неутрална држава и ги презема на чување на зградата и архивата на дипломатското преставништво. Истовремено таа ги штите интересите на државјаните на војувачката страна како и се грижи за примена на женевските конвенции за заштита на жртвите од војна.

Војната меѓу другото своите дејствија ги имплицира и врз меѓународните договори на војувачките страни, каде што доаѓа до поништување на сите договори (договори за сојуз, пријателства..). Останатите меѓународини договори најчесто се суспендираат и нивната примена не е релевантна до крајот на војната. Од друга страна пак во текот на војната, војувачките страни можат да склучат нови договори (договор за размена на заробеници, прибирање на ранети, закоп на мртвите) или пак воени конвенции. Воените конвенции се разликуваат од оние склучени за време на мир по содржина и начин на склучување, затоа што не поминуваат низ сите договорни фази и стапуваат на сила веднаш по потпишувањето.

Војувачките страни не располагаат со неограничено право во врска со изборот на средствата за борба против непријателот. Постои Хашки правилник, кој наведува кои средства се забранети. Така забранета е употребата на отрови и огнено оружје, убивање на непријателот кој го положил оружјето и нема никакви средства за одбрана. Забрането е уништување и присвојување на непријателскиот имот, бомбандирањето и нападите на небранетите градови и села или пак нивно пљачкосување. Забрането е да се принудуваат државјаните од спротивната страна да војуваат против својата земја.

### 1.3 Крај на војната

Војната може да заврши на два начина: еднострано или спогодбено. Еднастраниот начин е со целосно покорување на непријателот, кога целосно е уништена власта на победената држава, по што обично доаѓа до анкетирање на покорената територија и до исчезнување на еден меѓународен субјект. Додека пак со спогодба за

завршување на војната може да дојде и на неформален начин, со престанок на непријателствата и премин во мирна состојба без писмена спогодба. Секако овде треба да се напомене мировниот договор, како меѓународен договор склучен меѓу завојуваните страни со кои се воспоставува состојба на мир. Со мировниот договор се регулираат повеќе прашања: територијални, политички, воени.

Капитулацијата е акт со кој вооружените сили на една завојувана страна престануваат со борба и му се предава на непријателот, под определени услови или без услови. Под капитулација се подразбира и спогодба помеѓу завојуваните страни, со која едната страна ја завршува борбата и се става под власт на непријателот, а другата страна се обврзува да ги почитува условите на капитулацијата, ако такви услови се договорени.

Примирјето пак е спогодба склучена меѓу војувачките страни, со која се врши прекин на воените дејствија. Истото може да биде општо и секторско.

Меѓународното воено право, според мене е идеално да се толкува како целина од военото и хуманитарното право заедно, бидејќи само така се добива целосната слика за тоа како, што, во колкава мера треба да се примени за да се заштитат луѓето, цивилите, војниците, државите....

## 2. Меѓународно хуманитарно право

Меѓународното хуманитарно право е право кое се обидува да ги лимитира ефектите на вооружените конфликти. Истото се развива некаде во средината на XIX век и во голем дел се препишува на заслугата и продукт на работата на Анри Динан.

Голем дел од Меѓународното хуманитарно право[2] е содржано во четирите Женевски конвенции од 1949 год. Скоро секоја држава во светот ги има ратификувано и со тоа се има обврзано истите да ги почитува. Конвенциите, понатаму се доразвија и се дополнија со два дополнителни договори: Дополнителните Протоколи од 1977 год. за заштита на жртвите во вооружените конфликти. Други договори[3] кои ја забрануваат употребата на одредени оружја и воени тактики и кои заштитуваат одредени категории на лица и добра:

- Конвенцијата за заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт, од 1954 година, плус двата дополнителни протоколи на истата;
- Конвенцијата за билошко оружје, од 1972 година;
- Конвенцијата за конвенционални оружја, од 1980 година и нејзините пет протоколи;
- Конвенцијата за хемиско оружје, од 1993 година;
- Конвенцијата од Отава за против-нагазни мини, од 1997 година;
- Факултативниот протокол на конвенцијата за заштита на правата на децата инволвирани во вооружен конфликт, од 2000 година.

Како што може да се примети речиси сите релевантни конвенции кои се однесуваат на забрана од употреба на деструктивни оружја се донесени после Втората светска војна. Меѓутоа многу држави ниту порано не се придржувале до забраната за оружје (што можеби не се класифицирани како хемиски, биолошки во тоа време) која

[2] https://www.icrc.org/en/doc/assets/files/other/what_is_ihl.pdf .
[3] http://ckrm.org.mk/megunarodno-humanitarno-pravo/ .

предизвикува прекумерно страдање на луѓето. Така Италија со нападот врз Етиопија користи бомби со гасови, или САД и атомските бомби врз Хирошима и Нагасаки.

Познатите четири женевски конвенции (од 1949 година), секако имаат и свој претходник, кој своевремено ги поставил скромните темели на меѓународното хуманитарно право. Првата женевска конвенција се родила во 1864 година, која била прв предвесник за понатамошното етаблирање на хуманитарното право. Истата била прва од ваков калибар која барала усвојување минимален степен на хуманост во време на војна. Оваа конвенција била и првата активност во светски рамки одбележана од страна на Меѓународниот комитет на Црвениот крст основан 1863 година[4]. Имено се започнува со швајцарскиот бизнисмен Анри Динан[5], кој патувајќи во Италија, бил сведок на крвавата битка кај Солферино[6]. Истиот бил згрозен од негрижата за ранетите и умрените на бојното поле. Непружањето на медицинска помош и немање на установи кои ќе ги згрижат болните била само еден мал дел од болната слика на всушност секоја војна[7]. Поради тоа прво го основал т.н. Петчлен комитет кој требало да свика конференција во Швајцарија. Така во 1864 година, на конференција на која присуствувале претставници ширум светот, била усвоена Првата женевска конвенција, „за подобрување на состојбата на ранетите од војските на бојното поле". Претставници на 12 земји ја потпишале конвенцијата: Баден, Белгија, Виртемберг, Данска, Италија, Португалија, Прусија, Франција, Хесе, Холандија, Швајцарија, Шпанија.

Всушност мора да се напомене дека големи успеси во сферата на хуманитарното право се постигнати и помогнати од организацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина[8]. Оваа организација заедно со Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) за прв пат заедно почнале да функционираат за време на Руската граѓанска војна, бидејќи претходно МКЦК се противел на создавањето на оваа организација (првобитното име им било-Лига на здружение на Црвениот крст, која предвидувала помош и во вонредни ситуации кои не се предизвикани од војна. Така првата мисија им била помош на гладните и болните од тифус во Полска). Во 1997 година МКЦК и Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина[9] го потпишале Севилскиот договор кој ги дефинирал одговорностите на двете организации во рамки на движењето. Нивните принципи и начела денес заедно се преклопуваат и рефлектираат во меѓународните односи. Дел од принципите се:

- Да ја следи усогласеноста на завојуваните страни со Женевските конвенции
- Да организира нега и грижа за ранетите на бојното поле;

---

[4] МКЦК е хуманитарна институција со седиште во Женева, Швајцарија. Истата има добиено три Нобелови награди за мир: 1917, 1944 и 1963 година.

[5] Анри Динан бил добитник и на Првата Нобелова награда за мир во 1901, заедно со Фредерик Паси, меѓународен пацифист.

[6] Анри Динан е автор и на книгата "Сеќавањата на Солферино", која била објавена 1862 год. Испратил копии од книгата на водечки политички и воени личности ширум Европа. Покрај тоа што ги пренел живите сеќавања од Солферино од 1859, во книгата тој експлицитно се залагал за создавање на национални доброволни организации за помош кои би помагале на ранети во воени судири.

[7] Повеќе за историјата при основањето на МКЦК: http://www.wikiwand.com/mk/%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD_%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82_%D0%BD%D0%B0_%D0%A6%D1%80%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82_%D0%BA%D1%80%D1%81%D1%82

[8] Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина е на 8 мај, роденденот на Анри Динан. Оваа организација е основана 1919 година.

[9] Изворното мото на МКЦК е *Помош во војна,* додека на Федерацијата е *Со хуманост во мир*.

- 🕮 Да организира заштита и грижа за цивилното население;
- 🕮 Да ги промовира хуманитарните принципи и вредности;
- 🕮 Да обезбеди помош во вонредни ситуации од поголеми размери.

## 2.1 Првата женевска конвенција

Првата женевска конвенција е посветена на подобрување на положбата на ранетите и болните во војната. Одредбите на оваа конвенција се однесуваат на ранетите и болните, на членовите на санитетскиот и верскиот персонал. Членовите на вооружените сили, организираните резервисти и ранетите треба да бидат хумано третирани, без да се прават дискриминации (која би била заснована врз вероисповед, пол, раса, националност...). Забранети се било какви насилства, тортури, биолошки експериментирања, излагања на опасна зараза, истребување, мачење, убивање или пак намерно оставање без медицинска помош и грижа. Учесниците во конфликтот треба да ги преземат сите неопходни мерки за заштита на ранетите и болните и да ги побараат мртвите тела и да го спречат нивното распаѓање. Треба што е можно побрзо да ги регистрираат деталите за ранетите, болните или мртвите лица од непријателската страна и да ги пренесат на непријателот со помош на одредени средства. Оваа конвенција исто така вклучува и одредби за медицинските екипи и установи со кои посебно се нагласува дека тие не треба да бидат напаѓани. Исто така ова се однесува на познатите амблеми (Црвениот крст, Црвената полумесечина, Црвениот дијамант). Транспортот на ранетите и болните или на санитетскиот материјал треба да се почитуваат.

## 2.2 Втората женевска конвенција

Втората женевска конвенција се однесува на состојбата на ранетите, болните, членовите на вооружените сили кои доживеале бродолом на море. Истата е слична со првата женевска конвенцја, посебно во одредбите кои ги заштитуваат болните, ранетите и оние кои доживеале бродолом (да се третираат хумано и недискриминаторски, да се згрижуваат соодветно и сите облици на насилство, тортура се забранети).

Со одредбите на овие конвенции се предвидува дека страните во судирот се должни веднаш по борбите да ги пронајдат и засолнат ранетите и болните, да ги заштитат од ограбување и малтретирање. Ранетите и болните, припадници на вооружени сили ако паднат во рацете на непријателот ќе се здобијат со статус на воени заробеници.

## 2.3 Третата женевска конвенција

Третата женевска конвенција се однесува на воените заробеници и се состои од еден детален кодекс базиран врз потребата од хуман третман во сите околности. Сржта на режимот на конвенцијата се законските обврски воените заробеници да се одржуваат живи и во добро здравје. Воените заробеници мораат секогаш да бидат човечки третирани и секогаш да бидат заштитени, особено од насили дејства, застрашување и од „навреди и љубопитност на јавноста“. Ова значи дека изложувањето на воените заробеници на телевизија и нивно терање на понижувачки начин да ги признаат злосторствата или да ја критикуваат нивната сопствена влада се смета како прекршување на конвенцијата. Тие секогаш имаат право на почит на нивната личност и чест. Воените

заробеници се обврзани да го кажат само своето име, датум на раѓање, ранг и сериски број. Не може да биде нанесена никаква физичка или ментална тортура ниту каква било друга форма на насилство за да се обезбедат какви било информации од нив. Воените заробеници коишто одбиваат да одговорат, не може да се заплашуваат, навредуваат или изложуваат на каков било непријатен или штетен третман. Еднаш штом се заробени воените заробеници треба да бидат евакуирани што е можно поскоро во кампови кои се наоѓаат во област доволно далеку од борбената зона за да бидат надвор од опасност. Тоа значи дека никој воен заробеник не може да биде испратен или задржан во области каде што би можел да биде изложен на воен оган, ниту пак неговото присуство да се искористи за заштитување на одредени точки или области од воените операции. Заробениците и во заробеништво го задржуваат својството на припадник на вооружена сила, носејќи ги својата униформа, чинот, одликувањата и придржувајќи се кон воената дисциплина. Воените заробеници можат да се користат како работници, но треба да се води сметка за нивните години, полот, чинот, како и за физичките способности. Покрај работите во врска со одржување на кампот, работниците можат да се користат во земјоделството, во производствената индустрија, во транспортот, трговките или уметнички дејности како и во јавните служби кои немаат воено обележје. Работата не смее да биде поврзана со воените операции, а заробеникот не смее да се принуди да работи понижувачки и по здравјето штетни работи. Заробениците се подложни на законите и одредбите на државата којашто ги притворува.

## 2.4 Четвртата женевска конвенција

Четвртата женевска конвенција се однесува на заштитата на цивилите во војната. Конвенцијата почнува да се применува веднаш штом ќе започне судирот или окупацијата. Одредбите на конвенцијата се однесуваат на целото население на земјите во судирот, без каква и да е дискриминација која би била заснована врз народност или вера. Државите договорнички можат уште за време на мир, а страните во судирот по започнување на непријателствата, на своите територии (може и на териториите и на окупураните територии) да воспостават санитетски зони и места за безбедност во кои ќе бидат сместени ранетите, болните, старите лица, децата, мајките и бремените жени. Заинтересираните страни штом ќе започне судирот може да склучат меѓусебни спогодби за признавање на ваквите зони. Исто така и цивилните болници, кои се обележани, што се организирани за укажување помош, не можат да бидат нападнати. Заштитените лица[10] имаат право на почит на својата личност, својата чест, своите семејни права, верски убедувања, обичаи. Со нив во секое време ќе се постапува човечно. Се забранува присилна работа, регрутација на заштитените лица, забрана за уништување на стварниот или личниот имот. Се забранува индивидуален или масовен трансфер, како и депортации на заштитените лица од окупираната територија. Тука треба да се напомене дека окупаторските сили не смеат да депортираат или префрлаат делови од своето сопствено

[10] Заштитени лица се ранетите, болните, бродоломците, воените заробеници и други лица кои се лишени од слобода, како резултат на конфликтот, цивили и други лица кои веќе не учествуваат во конфликтот, медицинскиот и религиозниот персонал, персоналот на организациите за помош, персоналот на организациите на цивилната одбрана и медијаторите. Во случај на вооружен конфликт постојат и т.н. заштитени објекти. Тука спаѓаат културната сопственост и други цивилни објекти како и воените медицински установи и амбуланти.

население на територијата што ја окупирале. Окупаторските сили се должни да обезбедат адекватна храна, медицински резерви на локалното население.

## 2.5 Искористување на деца во воени цели

Децата иако се најчувствителната категорија лица, за жал, сѐ повеќе се злоупотребуваат во низа криминални дејности. Една од најфрапантните пропаганди е инволвираноста на децата во братоубиствени, крвави, војни. Имено ваквата „пракса“ датира навистина многу одамна, иако навидум насекаде предизвикува лавина на критики и осуда за жртвувањето на младите животи и уништување на нивното детство.

Искористувањето на децата во воените цели[11] опфаќа три гледишта: Децата може да земат директно учество во воените судири (деца – војници) или можат да бидат искористени во улога на поддршка како поштари, шпиони, доушници, стражари или сексуални робови или пак можат да бидат искористени во полза на политиката или како штит на човештвото или во пропаганди.

Поради тоа, светската јавноста како да се свести од овие кравави слики, и успеа да донесе низа документи со меѓународен потпис кои ќе го забранат нехуманото третирање на децата. Иако најпознатиот документ-Конвенцијата за правата на детето[12] (1989) е најратификуваниот документ од плејадата на Конвенции што постојат, сепак постои контра ефект. Имено илузорноста се состои во тоа што децата сѐ уште не само што не се заштитени, туку сѐ повеќе стануват жртви на различни меѓународни деликти.

Во Конвенцијата за правата на децата на Обединетите нации, во Член 38 стои: **„Државните партии треба да ги преземат сите споведливи мерки за децата кои се под 15 години да не земат активно учество во воените судири.” Меѓутоа, малолетниците кои се над 15, но под 18 години, сеуште остануваат волонтарно способни, како војници, да земат директно учество во битките. Факултативниот протокол[13] за вклучување на децата во вооружените конфликти од Конвенцијата, кој стапи на сила 2002 година, наложува дека државните партии „треба да ги преземат сите спроведливи мерки за децата под 18 години да не земат директно учество во воените судири и да не бидат задолжително регрутирани во воените сили.” Факултативниот протокол понатаму ги задолжува земјите „да ги преземат сите спроведливи мерки за превенција од ваквата регрутација и искористување, вклучувајќи го прифаќањето на правните мерки кои се потребни за забрана и криминализирање на ваквите активности.” Исто така, со Факултативниот протокол, земјите се обврзани да ги демобилизираат децата, регрутирани или искористени во воените судири, под нивна судска надлежност и да обезбедат помош за нивно физичко и психичко опоравување и социјално реинтегрирање.**

[11] Види подетално: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%BD%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%B2%D0%BE%D0%B5%D0%BD%D0%B8_%D1%86%D0%B5%D0%BB%D0%B8

[12] Подетално: http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

[13] Подетално : http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/OPAK.pdf

Протокол е ратификуван од повеќе од 110 држави.[14]

Регрутирањето и употребата на околу 300 000 момчиња и девојчиња во вооружени конфликти низ целиот свет сега е широко прифатено како прекршување на правата на децата, нешто што бара силен меѓународен одговор.

Под Член 8.2.26 од Статутот на Рим од Меѓународниот кривичен суд (ICC), усвоен во јули 1998 година и стапен на сила на 1 Јули 2002 година стои: „**Регрутирањето или вклучувањето на деца под 15 години во националните вооружени сили или искористувањето на истите активно да учествуваат во воените судири" е воено злосторство.**

Денот на Црвената рака (Red Hand Day), кој е на 12 февруари, е годишен комеморативен ден за привлекување на вниманието на јавноста и е поврзан со искористувањето на децата како војници во воените и вооружените конфликти.

## 3. Хашки конвенции

Хашките конвенции заедно со Женевските ја сочинуваат с`ржта на меѓународното хуманитарно право. Хашките конвенции се всушност договорите постигнати на I и II хашка мировна конференција одржани 1899 и 1907 година во Хаг. Третата конференција била планирана во 1914 година, но поради Првата светска војна никогаш и не се одржала. Продукт од првата мировна хашка конференција се четири конвенции и три декларации кои воглавно се однесуваат на :

**I конвенција**-мирно решавање на меѓународните спорови;

**II конвенција**-Закони и обичаи на копно при време на војна;

**III конвенција**- Примена на Женевска конвенција од 1864 година;

**IV-конвенција**-Забрана за испукување проектили и експлозиви од балон;

**I декларација**-Забрана за испукување проектили и експлозиви од балон;

**II декларација**-Забрана за употреба на метаци со отровни плинови;

**III декларација**-Забрана за употрба на метаци кои се распаѓаат во човековото тело.

Продукт од Втората хашка мировна конференција од 1907 година се тринаесет конвенции од кои дванаесет се стапени во сила од 1910 година.

**I конвенција**-мирно решавање на меѓународните спорови;

**II конвенција**-Портерова конвенција;

**III конвенција**-за започнатите непријателства;

**IV конвенција**-за законите и обичаите на војната на копно;

**V конвенција**-правата и должностите неутралните сили во случај на копнена војна;

[14] Подетално:
Правата на децата и работата на новинарите-осврт од аспект на правата на децата: UNICEF.

**VI конвенција**-постапувањето со непријателските трговски бродови при избивање на непријателствата;

**VII конвенција**-претварањето трговските бродови во воени;

**VIII конвенција**-положување подморски автомстски мини;

**IX конвенција**-примена на женевската конвенција за време на војна;

**X конвенција**- примена на женевската конвенција на поморска војна;

**XI конвенција**- ограничување за заплена во поморска војна;

**XII конвенција**- создавање меѓународен суд за поморски воен плен (овој дел не е ратификуван).

## ЗАКЛУЧОК:

Колку и да е сеопфатна денешната материја надлежна за регулирање на меѓународното хуманитарно/воено право, доколку не се применува истата ќе остане формално утопистичко парче хартија. Без разлика на причините при започнување војна, доколку не се почитуваат Хашките-Женевските конвенции, тогаш бројот на жртвите ќе ескалира драстично, постапувањето со цивилите и воените заробеници ќе биде крајно болно и понижувачко, историските споменици и градови срамнети до дното ќе бидат бледа слика на некогашно постоење... Ова за жал е продукт и на дел од денешните воени епилози. Уште пострашен е фактот што завојуваните страни зад кулисите на меѓународното воено право, ги реализираат своите драконски мерки и користољубиви цели.

Постоењето на овие конвенции и децениските борби за нивно креирање, за жал не се сигурен параметар дека истите ќе се почитуваат доследно. Доколку се прекршат ќе се применат соодветни санкции, но прашање е колку тоа ќе ја надомести веќе направената штета. Колку вреди осудата и пресудата од меѓународна инстанца или суд, кога веќе ќе се прекршат сите конвенции и ќе се нанесе толку многу болка?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Воислав Василевски, Меѓународно хуманитарно право, Воена академија, Скопје 2002;

Шо Малком, Меѓународно право, VI издание;

Марфи, Шон, Принципи на меѓународното право, Арс Ламина, 2011;

Греј Кристина, Меѓународно право и употреба на сила;

Диксон Мартин; Мекоркуоел Роберт, Случаи и материјали од Меѓународното право;

Фрчковски;Тупурковски;Ортаковски, Меѓународно јавно право.

Правата на децата: Вклучување на децата во вооружени судири https://www.unicef.org/eca/Child_Rights_Syllabus_MK.pdf

http://www.wikiwand.com/mk/%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD_%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82_%D0%BD%D0%B0_%D0%A6%D1%80%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82_%D0%BA%D1%80%D1%81%D1%82
https://www.icrc.org/en/doc/assets/files/other/what_is_ihl.pdf
http://ckrm.org.mk/megunarodno-humanitarno-pravo/ .
https://www.icrc.org/en/war-and-law
http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

**Дополнителни информации:**
Save the children: http://www.savethechildren.org.uk/

First children's embassy in the world –megjashi: http://www.childrensembassy.org.mk/

War Child: www.warchild.org.uk